**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXVIII СОБРАНИЕ**
**Бр.0201- 37/3**
**28.5.2024 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членот 336 од Законот за трговските друштва и членот 18 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXVIII седница, одржана на 28.5.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за отуѓување сопствени акции

### Член 1

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на Макпетрол АД Скопје стекнати до денот на одржувањето на годишното собрание на Друштвото на ден 28.5.2024 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на собранието на Друштвото за стекнување на сопствени акции со откуп, донесена на Годишното собрание на 28.5.2024 година.

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно важечките законски прописи.

### Член 2

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на Друштвото и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на Макпетрол АД Скопје изнесува 511,29 Евра.

### Член 3

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на Друштвото.

### Член 4

Купувачите на сопствени акции на Макпетрол АД Скопје, ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на Друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Согласно законските одредби и Статутот на Друштвото, обичните акции им даваат право на нивните сопственици:

1. Право на глас во Собранието на Друштвото;
2. Право на исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно од стечајната маса на Друштвото.

**Член 5**

Собранието на Друштвото го овластува Управниот одбор на Макпетрол АД Скопје поблиску да го определи начинот на продажба, цената, која не може да биде пониска од 60.000 денари за една акција, и другите потребни активности и податоци утврдени во важечкте законски прописи, како и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**Ерол Хасан**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 10